# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СЕПТЕМВРИ 2024**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА



## ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| Говор на омраза по национална припадност | 81 |
| Говор на омраза поради етничка припадност | 43 |
| Говор на омраза поради политичка припадност | 30 |
| Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет | 8 |
| Говор на омраза поради пол и род | 8 |
| Говор на омраза поради религија и религиско уверување | 3 |
| Говор на омраза поради социјално потекло | 1 |
| Излагање на подбив на претставници на странски држави | 1 |

***На платформата регистрирани се 140 оргинални случаи на говор на омраза - кај дел од случаите регистрирани се повеќе од една заштитна карактеристика.**

Кофинансиран од Европската Унија
ЕВРОПСКА УНИЈА
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа
ЕУ со ТЕБЕ

Во текот на месец септември на веб платформата

**www.govornaomraza.mk**

**140** беа регистрирани вкупно случаи со елементи на говор на омраза, повикување на дискриминација и вознемирување по различни основи.

Овој месец беа забележани

**81 (46%)**

случај на говор на омраза поради национална припадност,

**43 (25%)**

случаи врз основа на етничка припадност,

**30 (17%)**

случаи по основ на политичка припадност,

**8 (5%)**

случаи по основ на сексуална ориентација и родов идентитет,

**8 (5%)**

случаи по основ на пол и род.

Во текот на овој месец на платформата беше пријавен говор на омраза забележан на социјалните мрежи по основа на национална припадност кој се однесува на националностите на земјите на Западен Балкан, а особено во овие рамки се забележани територијални претензии и географски карти на кои се претставени Голема Албанија, Голема Македонија, Голема Србија, како и негирање на Македонија од страна на државјани на Република Бугарија.

На вест која беше објавена на социјаните мрежи дека едно лице застрелало жена па извршило самоубиство забележани се коментари со елементи на говор на омраза заснован на пол и род кои беа регистрирани на платформата.

На социјалните мрежи забележан е и навредувачки и омаловажувачки говор помеѓу двете најголеми етнички заедници во државата и тоа без некој посебен настан што би предизвикал ваков говор на омраза.

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ